Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Ул. "Македонија"бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

**Бр.** 02-693/4
31-08-2023 **2023 година**
**СКОПЈЕ**

Претседателот на Судскиот совет на Република Северна Македонија согласно чл.19 став 1 алинеја 1 од Деловникот за работа на Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр.274/19, 186/20 и 5/23), ја донесе следната

**ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА РАСПОРЕДОТ**
**за работа на Судскиот совет на РСМ за тековната 2023 година**

Во Распоредот за работа на Судскиот совет на РСМ за тековната 2023 година бр.02-2320/1 од 30.12.2022 година и бр.02-693/3 од 26.06.2023 година се врши измена и дополнување така што во измените во дел I став 1 точка 2 каде **Мери Радевска** се определува за координатор за следење на работата „и на Врховниот суд на РСМ“ се брише.

Во дел I став 1 точка 4 каде **Ханиф Зендели** се определува за координатор за следење на работата на „Основен суд Куманово и Основен суд Кичево“ се брише и се додава „Врховен суд на РСМ и Апелационен суд Битола“.

Во дел I став 1 точка 5 каде **Павлина Црвенковска** се определува за координатор за следење на работата на „Основен суд Кавадарци“ се брише и се додава „Основен суд Битола и Основен суд Кичево “.

Во дел I став 1 точка 6 каде **м-р Ивица Николовски** се определува за координатор за следење на работата на „Основен суд Битола“ се брише.

Во дел I став 1 точка 9 каде **м-р Селим Адеми** се определува за координатор за следење на работата на „Основен суд Струмица“ се брише.

Во дел I став 1 се додава точка 11 која гласи:
-**м-р Антоанета Димовска** се определува за координатор за следење на работата на Основен суд Кавадарци, Основен суд Кумнаово и Основен суд Струмица.

Во дел II став 4 во Распоредот за работа на Судскиот совет на РСМ за 2023 година се менува и гласи:

По доставените извештаи на Министерството за правда за донесени одлуки против Република Македонија од страна на ЕСЧП за повреда на правото на судење во разумен рок согласно член 6 став 1 од Конвенцијата, ќе постапуваат секој од членовите на Судскиот совет во рамките на Комисијата во која се распоредени да работат. За изготвување на финалниот Извештај на Судскиот совет по однос констатираната состојба по поединечни судски предмети за повреда на правото на судење во разумен рок за одговорен се определува членот на Судскиот совет – **м-р Антоанета Димовска.**

Во дел III став 1 точка 5 се менува и гласи:

**Владимир Станковиќ** се распоредува за работа со членот на Советот- м-р Антоанета Димовска.

**Гордана Дувњак** е одговорна за следење, изготвување и објавување на соопштенија од седници, состаноци и средби и за други известувања на веб страната, како и за уредување на одредени содржини на веб страната на Советот.

Измената на распоредот стапува во сила од 01.09.2023 година, а координаторите за следење на работата на сооодветните судови потребно е да ги завршат започнатите активности до 01.09.2023 година.

Во останатиот дел Распоредот за работа на Судскиот совет на РСМ за тековната 2023 година останува неизменет.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Сашко Георгиев**